Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i përgjithshëm**

# Извештај
за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2022 година

# Raporti
i financimit të aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, organet e administratës shtetërore dhe njësitë e vetëqeverisjes lokale në vitin 2022

Скопје, јуни 2023

Shkup, qershor 2023

# 1. ВОВЕД

Цел на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството. Еден од приоритетите на оваа стратегија е унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

Финансирањето на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија уредено е во Законот за здруженија и фондации и во Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Други закони во кои е дадена можноста за финансиска поддршка на граѓанските организации се: Законот за животната средина, Законот за културата, Законот за спортот, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјалната заштита, Законот за инвалидски организации, Законот за Црвениот крст на Република Македонија, Законот за јавно здравје, Законот за заштита и спасување, Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија и др. Средствата од Буџетот наменети за финансирање на активности на граѓанските организации се предвидени во буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, меѓутоа класификацијата на расходи каде е содржано расчленувањето на 463, содржи потставки преку кои се поддржани и политички партии, месни заедници, спортски федерации итн. Буџетската ставка 463 не е единствената преку која се поддржани граѓанските организации. Одредени органи на државната управа распределуваат средства преку ставката 464-Разни трансфери, но анализата на трошењето на овие средства е отежната поради отсуство на јавно објавени податоци.

Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2022

# 1. HYRJE

Qëllimi i Strategjisë së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me dhe zhvillim të shoqërisë civile 2022-2024 është të sigurojë mjedis iniciues dhe të qëndrueshëm në të cilin shoqëria civile funksionon dhe zhvillohet, e cila mundëson organizata të shoqërisë civile dinamike, të pavarura, aktive dhe të qëndrueshme të cilat kontribuojnë në përforcimin e qeverisjes demokratike, reflektojnë interesat dhe nevojat e qytetarëve dhe përfshihen në dialog strukturor për avancimin e shoqërisë. Një nga prioritetet e kësaj strategjie është avancimi i sistemit të financimit shtetëror të organizatave të shoqërisë civile.

Financimi i organizatave të shoqërisë civile nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut është i rregulluar me Ligjin për Shoqatat dhe Fondacionet dhe me Ligjin për Lojërat e Fatit dhe Lojërat Argëtuese. Ligjet tjera që japin mundësi për mbështetje financiare për organizatat e shoqërisë civile janë: Ligji për Mjedisin Jetësor, Ligji për Kulturën, Ligji për Sportin, Ligji për Mbrojtjen e Konsumatorit, Ligji për Mbrojtjen Sociale, Ligji për Organizatat e Invalidëve, Ligji për Kryqin e Kuq të Republikës së Maqedonisë, Ligji për Shëndetin Publik, Ligji për Mbrojtje dhe Shpëtim, Ligji për të Drejtat e Komuniteteve që janë më pak se 20% e Popullsisë në Republikën e Maqedonisë së Veriut etj. Mjetet nga Buxheti të dedikuara për financimin e aktiviteteve të organizatave të shoqërisë civile parashikohen në normën buxhetore 463-Transferet për organizatat joqeveritare, por klasifikimi i shpenzimeve, i cili përmban ndarjen 463, përmban nën-norma përmes të cilëve përkrahen edhe partitë politike, bashkësitë lokale, federatat sportive etj. Norma buxhetore 463 nuk është e vetmja përmes të cilës mbështeten organizatat e shoqërisë civile. Organe të caktuara të administratës shtetërore shpërndajnë mjete përmes normës 464-Transfere të ndryshme, por analiza e shpenzimit të këtyre mjeteve është e vështirë për shkak të mungesës së të dhënave të publikuara.

Raporti për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, organet e administratës shtetërore dhe njësitë e vetëqeverisjes lokale në vitin

година е подготвен врз основа на писмени известувања од органите на државна управа и единиците на локална самоуправа. Извештајот не содржи податоци за Министерството за надворешни работи, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Фондот за иновации и технолошки развој, Град Скопје и 8 општини: Боговиње, Липково, Маврово и Ростуше, Росоман, Сарај, Сопиште, Чаир и Шуто Оризари, кои не одговорија на барањето на Генералниот секретаријат на Владата од 24.2.2023 година.

2022 është përgatitur në bazë të njoftimeve me shkrim nga organet e administratës shtetërore dhe njësitë e vetëqeverisjes lokale. Raporti nuk përmban të dhëna për Ministrinë e Punëve të Jashtme, Agjencinë për Mbështetje Financiare të Bujqësisë dhe Zhvillimit Rural, Fondin për Inovacion dhe Zhvillim Teknologjik, Qytetin e Shkupit dhe 8 komunat: Bogovinë, Likovë, Mavrovë dhe Rostushë, Rosoman, Saraj, Sopishte, Çairi dhe Shuto Orizari, të cilët nuk iu përgjigjën kërkesës së Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së datës 24.2.2023.

Согласно добиените известувања, во 2022 година доделени се вкупно 994.454.416 денари финансиска поддршка за 2.550 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува 7,93% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022 година[1]. 62,8% од средствата (624.186.830 денари) се доделени по пат на јавен оглас, а 37,2% (370.267.586 денари) се доделени во постапка без јавен оглас.

Në përputhje me njoftimet e pranuara, në vitin 2022 janë ndarë gjithsej 994.454.416 denarë mbështetje financiare për 2.550 projekte/programe të shoqatave dhe fondacioneve, që paraqet 7,93% të të hyrave të përgjithshme të organizatave të shoqërisë civile në vitin 2022. 62,8% të mjeteve (624.186.830 denarë) janë ndarë me shpallje publike, ndërsa 37.2% (370.267.586 denarë) janë ndarë në procedurë pa shpallje publike.




Од вкупно доделените средства, 700.248.608 денари (70,42%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 732 проекти/програми на

Nga gjithsej mjetet e ndara, 700.248.608 denarë (70,42%) janë ndarë nga buxheti qendror, si mbështetje financiare për 732 projekte/programe të shoqatave dhe

[1] Согласно Отворените податоци на Централен регистар на Република Северна Македонија- Статистички билтен (проверено на 25.5.2023 година на https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2022&ortg=14) субјектите регистрирани во организационен облик 10.0 Општествени организации, фондации и здруженија на граѓани, во 2022 година оствариле вкупно приходи од 12.538.935.888 денари/
Në përputhje me të dhënat e hapura të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut - Buletini Statistikor (kontrolluar më 25.5.2023 në https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten?t=1&v=0&y=2022&ortg=14) subjektet e regjistruara në formë organizative 10.0 Organizatat shoqërore, fondacionet dhe shoqatat e qytetarëve, në vitin 2022 kanë realizuar të hyra të përgjithshme prej 12.538.935.888 denarë.

здруженија и фондации, а 294.205.808 денари (29,58%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 8 општини што не доставија известување) како финансиска поддршка за 1.818 проекти/програми на здруженија и фондации.




## 2. Финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2022 година од Владата и органите на државна управа

Во 2022 година финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво доделиле: Владата на Република Северна Македонија, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за економија, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за млади и спорт, Агенција за остварување на правата на заедниците и Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Во буџетот на останатите органи на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, како што се: Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за образование и наука, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за транспорт и врски,

fondacioneve, dhe 294.205.808 denarë (29,58%) janë ndarë nga buxheti i njësive të vetëqeverisjes lokale (me përjashtim të Qytetit të Shkupit dhe 8 komunave që nuk kanë dorëzuar njoftim) si mbështetje financiare për 1.818 projekte/programe të shoqatave dhe fondacioneve.




## 2. Mbështetja financiare e shoqatave dhe fondacioneve në vitin 2022 nga Qeveria dhe organet e administratës shtetërore

Në vitin 2022 mbështetje financiare për shoqatat dhe fondacionet në nivel qendror është dhënë nga: Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ministria e Mbrojtjes, Ministria e Drejtësisë, Ministria e Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive, Ministria e Ekonomisë, Ministria e Shëndetësisë, Ministria e Punës dhe Politikës Sociale, Politika, Ministria e Vetëqeverisjes Lokale, Ministria e Kulturës, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Agjencia e të Rinjve dhe Sportit, Agjencia për Realizimin e të Drejtave të Bashkësive dhe Fondi i Sigurimit Invalidor dhe Pensional të Maqedonisë së Veriut.

Në buxhetin e organeve të tjera të administratës shtetërore dhe organeve e organizatave të tjera që kanë autorizime publike, siç janë: Ministria e Punëve të Brendshme, Ministria e Financave, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, Ministria e Arsimit dhe Shkencës, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, Ministria e Transportit dhe Lidhjeve, Sekretariati për Çështje Evropiane, Agjencia Kombëtare

Секретаријат за европски прашања, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност и Дирекција за заштита и спасување не биле предвидени средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.
Во 2022 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања доделени се вкупно 700.248.608 денари финансиска поддршка за 732 проекти/програми на здруженија и фондации, од кои 472.738.871 денари се доделени по пат на јавен оглас, а 227.509.737 денари се доделени во постапка без јавен оглас.

për Programet Arsimore Evropiane dhe për Mobilitet dhe Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim, nuk janë siguruar mjete për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve.

Në vitin 2022, nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, organet e administratës shtetërore dhe organet e organizatat tjera me autorizime publike janë ndarë gjithsej 700.248.608 denarë mbështetje financiare për 732 projekte/programe të shoqatave dhe fondacioneve, nga të cilat 472.738.871 denarë janë ndarë me shpallje publike, ndërsa 227.509.737 denarë janë ndarë në procedurë pa shpallje publike.

Вкупно доделени средства од ОДУ во 2022 - 700.248.608 денари/
Gjithsej mjete të ndara nga RPA në vitin 2022 - 700.248.608 denarë

Преку јавен оглас - 472.738.871 денари (67.5%)/
Me shpallje publike - 472.738.871 denarë (67.5%)

Без јавен оглас - 227.509.737 денари (32.5%)/
Pa shpallje publike - 227.509.737 denarë (32.5%)

При утврдување на приоритетите за финансирање дел од институциите, меѓу кои: Министерство за правда, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за економија, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за млади и спорт извршиле консултации со граѓанските организации. Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците формираше работна група за изработка на Програмата во која учествуваа два члена од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Министерството за економија спроведе консултации согласно Законот за заштита на потрошувачи, каде се пропишани активностите на здруженијата за заштита на потрошувачите и основот за усвојување на Националната програма за заштита на потрошувачите, Министерството за култура за секоја дејност од областа на културата има посебни апликации со специфични критериуми за кои се спроведени консултации со граѓанските организации, додека Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со НВО

Gjatë përcaktimit të prioriteteve për financim, disa nga institucionet, ndër të cilat: Ministria e Drejtësisë, Ministria e Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive, Ministria e Ekonomisë, Ministria e Kulturës, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor dhe Agjencia e të Rinjve dhe Sportit ka realizuar konsultime me organizatat e shoqërisë civile. Ministria e Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive ka formuar grup pune për përgatitjen e Programit, në të cilin kanë marrë pjesë dy anëtarë të Këshillit për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile. Ministria e Ekonomisë ka zhvilluar konsultime në përputhje me Ligjin për Mbrojtjen e Konsumatorit, ku përcaktohen aktivitetet e shoqatave për mbrojtjen e konsumatorëve dhe baza për miratimin e Programit Nacional për Mbrojtjen e Konsumatorit, Ministria e Kulturës për çdo veprimtari në fushën e kulturës ka aplikacione të veçanta me kritere specifike për të cilat janë bërë konsultime me organizatat e shoqërisë civile, ndërsa Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor në bashkëpunim me OJQ-në Qendra e Gjelbër Maqedonase organizon çdo vit takim vjetor me organizatat e shoqërisë civile.

Македонски зелен центар секоја година организира годишна средба со граѓанските организации.

Во однос на транспарентноста, во составот на комисиите за евалуација на предлог-проекти во институциите, со исклучок за Министерството за култура, не учествувале претставници на граѓанските организации, меѓутоа одлуките за распределба на средства се транспарентни кај речиси сите институции кои имаат доделено средства во 2022 година и истите се јавно достапни на нивните веб-локации.

Кај сите органи на државната управа, корисниците на средства согласно договорите за реализација на проектите се обврзани да доставуваат годишен наративен и финансиски извештај, со детални податоци за реализација на активностите наведени во проектите, како и докази за наменска искористеност на средствата.

*Табела 1: Преглед на доделена финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво за 2022 година*

Lidhur me transparencën, në përbërjen e komisioneve për vlerësimin e propozim - projekteve në institucione, me përjashtim të Ministrisë së Kulturës, përfaqësues të organizatave të shoqërisë civile nuk kanë marrë pjesë, por vendimet për ndarjen e mjeteve janë transparente, pothuajse në të gjitha institucionet që kanë ndarë mjete në vitin 2022 dhe të njëjtat janë të disponueshme në faqet e tyre të internetit.

Në të gjitha organet e administratës shtetërore, në përputhje me kontratat për realizimin e projekteve, shfrytëzuesit e mjeteve janë të obliguar të dorëzojnë raport vjetor narrativ dhe financiar, me të dhëna të hollësishme për realizimin e aktiviteteve të përcaktuara në projekte, si dhe dëshmi për përdorimin me dedikim të mjeteve.

*Tabela 1: Pasqyrë e mbështetjes financiare të dhënë shoqatave dhe fondacioneve në nivel qendror për vitin 2022*

| Институција/ Institucionet | Вкупно доделени средства / Gjithsej mjetet e ndara | Број на финансирани организации/ Numri i organizatave të financuara | Доделени средства по пат на јавен оглас/ Mjetet e ndara nëpërmjet shpalljes publike | Доделени средства без јавен оглас/ Mjetet e ndara pa shpallje publike |
|---|---|---|---|---|
| Влада на Република Северна Македонија/ Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut | 15.000.000 | 1 | / | 15.000.000 |
| Министерство за одбрана/ Ministria e Mbrojtjes | 2.150.000 | 2 | / | 2.150.000 |
| Министерство за правда/ Ministria e Drejtësisë | 1.050.000 | 7 | 1.050.000 | / |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците/ Ministria e Sistemit Politik dhe e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive | 14.528.000 | 32 | 14.528.000 | / |
| Министерство за економија/ Ministria e Ekonomisë | 2.000.000 | 6 | 2.000.000 | / |
| Министерство за здравство/ Ministria e Shëndetësisë | 35.414.565 | 15 | 24.719.565 | 10.695.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Министерство за труд и социјална политика/ Ministria e Punës dhe e Politikës Sociale** | 192.780.704 | 32 | 192.780.704 | / |
| **Министерство за локална самоуправа/ Ministria e Vetëqeverisjes Lokale** | 14.493.712 | 4 | 14.493.712 | / |
| **Министерство за култура/ Ministria e Kulturës** | 130.266.890 | 441 | 130.266.890 | / |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање/ Ministria e Mjedisit Jetësor dhe e Planifikimit Hapësinor** | 15.300.000 | 63 | 15.300.000 | / |
| **Агенција за млади и спорт/ Agjencia e të Rinjve dhe e Sportit** | 275.227.000 | 117 | 75.600.000 | 199.627.000 |
| **Агенција за остварување на правата на заедниците/ Agjencia e Realizimit të të Drejtave të Bashkësive** | 2.000.000 | 11 | 2.000.000 | / |
| **Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија/ Fondi i Sigurimit Pensional dhe Invalidor** | 37.737 | 1 | / | 37.737 |
| **Вкупно/ Gjithsej** | **700.248.608** | **732** | **472.738.871** | **227.509.737** |

*Графикон 1: 5 најголеми даватели на финансиска поддршка на здруженија и фондации на централно ниво во 2022 година*

*Grafiku 1: 5 ofruesit më të mëdhenj të mbështetjes financiare për shoqatat dhe fondacionet në nivel qendror në vitin 2022*




**Владата на Република Северна Македонија**, со одлука од 9.12.2022 година, одобри средства во износ од 15.000.000 денари на Црвен крст на Република

**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut,** me vendim të datës 9.12.2022, i ka miratuar Kryqit të Kuq të Republikës së Maqedonisë së Veriut mjete në shumë prej

Северна Македонија, како финансиска помош за делување при итни состојби. Во Буџетот за 2023 година не се предвидени средства во ставката 463-Трансфери до невладини организации.

15.000.000 denarësh, si ndihmë financiare për veprim në situata emergjente. Në Buxhetin e vitit 2023 nuk janë paraparë mjete në normën 463 - Transferime tek organizatat joqeveritare.

**Министерството за одбрана**, согласно член 132 од Законот за одбрана, во 2022 година доделило 2.150.000 денари на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија, за реализација на програмски активности за обука на резервни офицери и подофицери и за одбележување на 70 години од нејзиното основање. Во Буџетот за 2023 година на ова министерство предвидени се 2.600.000 денари за финансиска поддршка на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија и Здружението Клуб на Генерали.

**Ministria e Mbrojtjes,** në pajtim me nenin 132 të Ligjit të Mbrojtjes, në vitin 2022 i ka ndarë 2.150.000 denarë Organizatës së Oficerëve Rezervë të Republikës së Maqedonisë së Veriut, për realizimin e aktiviteteve programore për trajnimin e oficerëve dhe të nënoficerëve rezervë dhe për të shënuar 70 vjetorin e themelimit të saj. Në Buxhetin për vitin 2023 të kësaj ministrie janë paraparë 2.600.000 denarë për mbështetje financiare të Organizatës së Oficerëve Rezervë të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Shoqatës së Klubit të Gjeneralëve.

**Министерството за правда**, согласно член 11 од Законот за бесплатна правна помош, распиша јавен оглас бр.11-581/2 од 25.2.2022 година за доделување финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и клиники, при што со решение за избор беа доделени 1.050.000 денари на 7 здруженија.

**Ministria e Drejtësisë,** në pajtim me nenin 11 të Ligjit të Ndihmës Juridike Falas, publikoi shpallje publike nr. 11-581/2, datë 25.2.2022 për ndarjen e mjeteve financiare për ofrimin e ndihmës juridike parësore nga shoqatat dhe klinikat e autorizuara, gjatë së cilës me aktvendim për përzgjedhje u ndanë 1.050.000 denarë për 7 shoqata.

**Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците** во 2022 година, по пат на јавен оглас, додели 14.528.000 на 32 здруженија. Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РСМ“ бр. 273/22) е донесена од Владата на Република Северна Македонија согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 217/22 и 273/22). Критериумите и постапката за избор на здруженијата и фондациите беа во согласност Одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.210/22) и Правилникот за работа на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за

**Ministria e Sistemit Politik dhe e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive** në vitin 2022, përmes shpalljes publike, ndau 14,528,000 denarë në 32 shoqata. Vendimi për ndarjen e mjeteve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2022 të synuara për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 273/22) është sjellë nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut në përputhje me Programin për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve për vitin 2022 ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 217/22 dhe 273/22). Kriteret dhe procedura për përzgjedhjen e shoqatave dhe fondacioneve ishin në përputhje me Vendimin për kriteret dhe mënyrën e ndarjes dhe shfrytëzimit të mjeteve për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 210/22 ) dhe Rregulloren për punën e Komisionit për ndarjen e mjeteve financiare të synuara për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve nga buxheti i Ministrisë së Sistemit

финасирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците бр.02-1123/1 од 18.11.2022 година. Во составот на Комисијата за евалуација на предлог-проектите не учествуваа претставници на граѓанските организации, иако Министерството упати барање за номинација до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Во Буџетот за 2023 година на ова министерство предвидени се 20.000.000 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

Politik dhe Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive nr. 02-1123/1 datë 18.11.2022. Në përbërjen e Komisionit për vlerësimin e propozim projekteve nuk morën pjesë përfaqësuesit e organizatave të shoqërisë civile, edhe pse Ministria ka dërguar kërkesë për emërim në Këshillin për Bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe Shoqërisë Civile. Në Buxhetin për vitin 2023 të kësaj ministrie janë paraparë 20.000.000 denarë për mbështetje financiare të shoqatave dhe fondacioneve.

**Министерството за економија** во 2022 година, по пат на јавен оглас, додели 2.000.000 денари за реализација на програма (проект) на 6 здруженија за заштита на потрошувачите, согласно Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година („Службен весник на РСМ“ бр.12/2021). Огласите за финансиска поддршка беа објавени во два печатени дневни весници и веб-локацијата на министерството. Формирана е Комисија за доделување на финансиски средства која ги разгледува понудите, а постапката за избор се врши согласно правото на учество, содржината на понудата, критериумите за избор и начинот на доставување на понудите објавени во Јавниот оглас. Во Буџетот за 2023 година на ова министерство не се планирани средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.

**Ministria e Ekonomisë** në vitin 2022, përmes shpalljes publike ndau 2.000.000 denarë për realizimin e një programi (projekti) për 6 shoqata për mbrojtjen e konsumatorëve, në përputhje me Programin për mbrojtjen e konsumatorëve për periudhën 2021-2022 (“Gazeta Zyrtare e RMV-së”. nr. 12/2021). Shpalljet për mbështetje financiare janë publikuar në dy gazeta të përditshme dhe në ueb faqen e ministrisë. Është krijuar Komisioni për ndarjen e mjeteve financiare i cili i shqyrton ofertat, ndërsa procedura e përzgjedhjes kryhet në përputhje me të drejtën e pjesëmarrjes, përmbajtjen e ofertës, kriteret e përzgjedhjes dhe mënyrën e paraqitjes së ofertave të publikuara në Shpalljen publike. Në Buxhetin për vitin 2023 të kësaj ministrie nuk janë paraparë mjete për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve.

**Министерството за здравство** во 2022 година додели вкупно 35.414.565,00 денари, од кои 24.719.565 денари по пат на јавен оглас на 14 здруженија, согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ („Службен весник на РСМ“ бр.33/22) и 10.695.000 денари без јавен оглас, на Црвен крст на Република Северна Македонија. Приоритетите за финансирање, објавувањето на јавниот оглас и начинот на распределба на средствата од Програмата за заштита на населението од ХИВ ги одредува Националната комисија за заштита од ХИВ, во која членуваат здруженија и претставници на државни институции. Во Буџетот за 2023 година на ова министерство предвидени се 14.569.000 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Ministria e Shëndetësisë** në vitin 2022, ka ndarë gjithsej 35.414.565,00 denarë, prej të cilave 24.719.565 denarë përmes shpalljes publike për 14 shoqata, në pajtim me Programin për mbrojtjen e popullsisë nga HIV-ja (“Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr. 33/22 ) dhe 10.695.000 denarë pa shpallje publike, për Kryqin e Kuq të Republikës së Maqedonisë së Veriut. Prioritetet për financimin, publikimin e shpalljes publike dhe mënyrën e ndarjes së mjeteve nga Programi për mbrojtjen e popullsisë nga HIV-ja përcaktohen nga Komisioni Nacional për Mbrojtjen nga HIV-ja, ku bëjnë pjesë shoqatat dhe përfaqësuesit e institucioneve shtetërore. Në Buxhetin për vitin 2023 të kësaj ministrie janë paraparë 14.569.000 denarë për mbështetje financiare të shoqatave dhe fondacioneve.

**Министерство за локална самоуправа** во 2022 година доделило 14.493.712 денари на 4 граѓански организации, согласно Законот за рамномерен регионален развој, планирани во раздел 191.01, потпрограма ОА-Рамномерен регионален развој, ставка 464-Разни трансфери, за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност. За реализација на оваа буџетска програма биле предвидени 95.300.000 денари со кои се финансирани вкупно 14 проекти, но само 4 од нив се имплементираат од граѓански организации. По објавен јавен оглас, проектите ги оценува комисија во која членуваат претставници од Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, Министерството за финансии и двајца надворешни експерти.

**Ministria e Vetëqeverisjes Lokale** në vitin 2022, ndau 14.493.712 denarë për 4 organizata të shoqërisë civile, në përputhje me Ligjin e Zhvillimit të Balancuar Rajonal, të planifikuar në grupin 191.01, nënprogrami OA-Zhvillimi i barabartë rajonal, norma 464- Transferime të ndryshme, për uljen e pabarazisë ndërmjet dhe në kuadër të rajoneve të planifikimit dhe për rritjen e konkurrencës rajonale. Për realizimin e këtij programi buxhetor ishin paraparë 95.300.000 denarë, me të cilat janë financuar gjithsej 14 projekte, por vetëm 4 prej tyre janë realizuar nga organizata të shoqërisë civile. Pas publikimit të shpalljes publike, projektet vlerësohen nga një komision i përbërë nga përfaqësues nga Ministria e Vetëqeverisjes Lokale, Byroja e Zhvillimit Rajonal, Ministria e Financave dhe dy ekspertë të jashtëm.

**Министерството за труд и социјална политика** во 2022 година, по пат на јавен оглас, доделило вкупно 192.780.704 денари финансиска поддршка на здруженија и фондации. Согласно Законот за социјална заштита, врз основа на јавен конкурс објавен во декември 2021 година во два дневни весници, за доделување на средства за давање на социјални услуги од лиценцирани даватели за 2022 година, од програмата 46, ставка 463-трансфери за даватели на социјални услуги исплатени се вкупно 124.205.732 денари за 19 управни договори. Согласно Законот за играте на среќа и за забавните игри и Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и забавни игри во 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр27/22), преку јавен повик, министерството доделило вкупно 68.574.972 денари од програмата 10-администрација, ставка 463-трансфери до невладини организации.

**Ministria e Punës dhe e Politikës Sociale** në vitin 2022, përmes shpalljes publike, ka ndarë gjithsej 192.780.704 denarë mbështetje financiare për shoqatat dhe fondacionet. Në pajtim me Ligjin e Mbrojtjes Sociale, në bazë të konkursit publik të publikuar në dhjetor 2021 në dy gazeta ditore, për ndarjen e fondeve për ofrimin e shërbimeve sociale nga ofrues të licencuar për vitin 2022, nga programi 46, norma 463 - transferime për ofruesit e shërbimit social të paguar janë gjithsej 124.205.732 denarë për 19 kontrata menaxheriale. Në pajtim me Ligjin e Lojërave të Fatit dhe Lojërave Zbavitëse dhe Programin për financimin e aktiviteteve programore të organizatave nacionale invalidore, shoqatave të tyre dhe bashkësisë së tyre, shoqatave për luftë kundër dhunës në familje dhe Kryqit të Kuq të Republikës së Maqedonisë së Veriut nga të hyrat nga lojërat e fatit dhe lojërat zbavitëse në vitin 2022 ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 27/22), përmes thirrjes publike, ministria ka ndarë gjithsej 68.574.972 denarë nga programi 10-administrimi, norma 463-transferime te organizatat joqeveritare.

**Министерството за култура** во 2022 година, доделило вкупно 130.266.890 денари преку јавен оглас на 441 здруженија од различни области и тоа: билатерална соработка: 36 проекти, со вкупно 9.804.583 денари; мултилатерална соработка: 17

**Ministria e Kulturës** në vitin 2022, përmes shpalljes publike ndau gjithsej 130.266.890 denarë për 441 shoqata nga fusha të ndryshme, përkatësisht: bashkëpunim dypalësh: 36 projekte, me gjithsej 9.804.583 denarë; bashkëpunim shumëpalësh: 17 projekte, me gjithsej

проекти, со вкупно 1.905.168 денари; културно-информативни центри во странство: 1 проект, со вкупно 160.000 денари; културно-информативни центри во Република Северна Македонија: 1 проект, со вкупно 360.000 денари; драмска дејност: 44 проекти, со вкупно 20.703.622 денари; музика: 92 проекти, со вкупно 48.960.500 денари; фолклор: 79 проекти со вкупно 19.978.484 денари; визуелни дејности: 48 проекти, со вкупно 4.757.950 денари; интердисциплинарни дејности: 42 проекти, со вкупно 13.875.000 денари; заштита на недвижното културно наследство и аудиовизуелните добра - други корисници: 11 проекти, со вкупно 982.600 денари; издавачка дејност: 31 проект, со вкупно 4.520.983 денари и музејска дејност: 39 проекти, со вкупно 4.258.000 денари. Министерството за култура, еднаш годишно, во септември објавува Годишен конкурс за финансирање на програми и проекти од национален интерес во културата. За секоја дејност од областа на културата предвидена е посебна апликација со критериуми специфични за дејноста и за нив се спроведени консултации со граѓанските организации. Постапката за избор на проекти ја вршат стручни комисии за секоја дејност одделно, формирани од министерот за култура, а во нив учествуваат и членови на граѓански организации. Проектите кои се селектирани од страна на стручни комисии како предлог-програма се доставуваат до министерот, а по потпишувањето на Годишната програма истата се објавува на www.kultura.gov.mk. Во објавата на Годишната програма стои дејноста за која е одобрен проектот, името на проектот, носителот на проектот и одобрената сума на финансиска поддршка.

**Министерството за животна средина и просторно планирање,** во 2022 година, врз основа на член 172 став 4 од Законот за животна средина, по пат на јавен оглас, додели вкупно 15.300.000 денари на 63 здруженија, согласно Програмата за инвестирање во животна средина за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр.33/22). Средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации беа предвидени за: реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 5.000.000 денари; реализирање на проекти и

1.905.168 denarë; qendrat kulturore dhe informative jashtë vendit: 1 projekt, me gjithsej 160.000 denarë; qendrat kulturore dhe informative në Republikën e Maqedonisë së Veriut: 1 projekt, me gjithsej 360.000 denarë; aktivitet dramatik: 44 projekte, me gjithsej 20.703.622 denarë; muzika: 92 projekte, me gjithsej 48.960.500 denarë; folklori: 79 projekte me gjithsej 19.978.484 denarë; veprimtari vizuale: 48 projekte, me gjithsej 4.757.950 denarë; veprimtari ndërdisiplinore: 42 projekte, me gjithsej 13.875.000 denarë; mbrojtja e trashëgimisë kulturore të paluajtshme dhe e të mirave audiovizuele - shfrytëzues të tjerë: 11 projekte, me gjithsej 982.600 denarë; veprimtari botuese: 31 projekte, me gjithsej 4.520.983 denarë dhe veprimtari të muzeut: 39 projekte, me gjithsej 4.258.000 denarë. Ministria e Kulturës, një herë në vit, në muajin shtator, shpall Konkursin vjetor për financimin e programeve dhe projekteve me interes nacional në kulturë. Për çdo aktivitet në fushën e kulturës është parashikuar aplikim i veçantë me kritere specifike për veprimtarinë dhe për këto janë realizuar konsultime me organizatat e shoqërisë civile. Procedura për përzgjedhjen e projekteve kryhet nga komisionet e ekspertëve për çdo veprimtari veç e veç, të formuara nga ministri i Kulturës, ndërsa në to marrin pjesë edhe anëtarë të organizatave të shoqërisë civile. Projektet që janë përzgjedhur nga komisionet e ekspertëve si propozim programi i dorëzohen ministrit dhe pas nënshkrimit të Programit vjetor, ai publikohet në www.kultura.gov.mk. Në publikimin e Programit vjetor është veprimtaria për të cilin është miratuar projekti, emri i projektit, bartësi i projektit dhe shuma e miratuar e mbështetjes financiare.

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe e Planifikimit Hapësinor**, në vitin 2022, në bazë të nenit 172, paragrafi (4) të Ligjit të Mjedisit Jetësor, përmes shpalljes publike ndau gjithsej 15.300.000 denarë për 63 shoqata, në përputhje me Programin për investim në mjedisin jetësor për vitin 2022 (“Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr. 33/22). Mjetet e synuara për financimin e aktiviteteve programore të shoqatave dhe fondacioneve ishin të parapara për: realizimin e projekteve dhe aktiviteteve për mbrojtjen e natyrës dhe e shumëllojshmërisë biologjike në vlerë prej 5.000.000 denarësh; realizimi i projekteve dhe i aktiviteteve për ngritjen e vetëdijes

активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000 денари и поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 7.000.000 денари.

publike, edukimi dhe trajnimi në sferën e mjedisit jetësor në shumë prej 8.000.000 denarësh dhe nxitja e studimeve arsimore, hulumtuese dhe zhvillimore, programeve dhe projekteve për mbrojtjen dhe përmirësimin e mjedisit jetësor dhe të natyrës në shumë prej 7.000.000 denarësh.

**Агенцијата за млади и спорт** во 2022 година додели вкупно 275.227.000 денари. По пат на јавен оглас, доделени се вкупно 75.600.000 денари, од кои 5.900.000 денари се доделени преку Секторот Млади на 21 здружение, 60.000.000 денари се доделени преку Секторот Спорт на 48 национални спортски федерации, а 9.700.000 денари, преку буџетската ставка 464, се доделени на Федерацијата за училишен спорт. Објавувањето на огласите за финансиска поддршка се спроведува преку веб-локацијата на Агенцијата за млади и спорт, додека критериумите и постапката за избор се утврдени во Правилникот на Агенцијата за млади и спорт за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите поврзани со реализација на Националната Стратегија за млади и годишната програма за работа на Сектор Млади. Агенцијата за млади и спорт, без јавен оглас, додели вкупно 199.627.000 денари, преку Сектор Спорт, на 47 национални спортски федерации, согласно член 79 став 2 и член 94 став 2 од Законот на игрите на среќа и забавните игри. Во Буџетот за 2023 година предвидени се 202.600.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и национални спортски федерации.

